Име и презиме: _____ *Датум:* _____

Текстуални задачи – 4-1

Прочитајте го внимателно текстот во следниве задачи. Видете што е дадено (познато), што се бара (непознато) и најдете начин како да ги определите непознатите вредности од познатите. При решавањето на задачите може да го примените и методот на отсечки https://matematika-plus.weebly.com/metod-na-otsecki.html.

1 Александар е програмер. Тој во една седмица направил три програми, од кои првата имала 137 реда, втората 243 реда, а третата 288 реда. Колку реда вкупно испрограмирал Александар?

2 Јаболкоберачите првиот ден собрале 198 гајби јаболка, а вториот ден 203 гајби. Откако продале 265 гајби, колку гајби им останале непродадени?

3 Ана, Бисера, Васил и Горан собирале донации по повод Денот на детето. Ана собрала 236 денари, Бисера собрала два пати помалку од Ана, Васил собрал 196 денари повеќе од Бисера, а Горан собрал исто толку колку и Васил. Колку вкупно денари собрале четворицата заедно?

4 За време на еден празник на улиците на главниот град биле поставени вкупно 879 знамиња. Колку најмалку столбови биле украсени со знамиња, ако на секој столб може да се постават најмногу по 5 знамиња?

Copyright © 2015 Математика +

Текстуални задачи – 4-1

Одговори

1 Програмерот напишал вкупно

137 + 243 + 288 = 668

програмски реда.

2 За продавање останале

198 + 203 - 265 = 401 – 265 = 136

гајби јаболка.

3 Бисера собрала 236 : 2 = 118 денари, Васил собрал 118 + 196 = 314 денари, а исто толку собрал и Горан. Сите четворица заедно собрале 236 + 118 + 314 + 314 = 982 денари.

4 Бидејќи 879 : 5 = 175 и остаток 4, заклучуваме дека биле украсени најмалку 175 + 1 = 176 столба.

Copyright © 2015 Математика +